Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 252/0306
05.10 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 6-ти септември 2022 година, врз основа на примена жалба од адвокат Тамара Славеска Апостоловски, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет – порталот „Курир.мк“, насловен „Директорот на ДБКИ Стојан Славески под истрага за земање мито?“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 6-ти септември 2022 година, адвокат Тамара Славеска Апостоловски, во својство на полномошник на директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ), Стојан Славески, поднесе жалба за текстот со наслов „Директорот на ДБКИ Стојан Славески под истрага за земање мито?“, објавен на 1-ви септември 2022 година на интернет – порталот „Курир.мк“ (www.kurir.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, повреда на принципот на презумпција на невиност и заштита на сведоци и повреда на начелото дека новинарот треба да ги почитува законите во државата, но дека нема да објави или скрие ништо што е спротивно со јавниот интерес, односно дека во содржината се прекршени членовите 1, 5, 8 и 13 од Кодексот на новинарите.

Жалителот смета дека целта на оспорениот текст на „Курир.мк“ не е информирање за прашања од јавен интерес, туку ширење непроверени и лажни информации, односно дезинформации, со цел нарушување на угледот на жалителот, без претходна проверка на фактите. Жалителот нагласува дека освен тоа што медиумот го пренел статусот на пратеникот Драган Ковачки, објавен на „Фејсбук“, во кој тој изнесува наводи за покрената кривична пријава против жалителот, порталот дополнително го обвинувал Славески дека бил познат по низа скандали кои го одбележале неговото работење во ДБКИ, како луксузирање со службени возила во приватни цели, вработување на лица без безбедносни сертификати и низа безбедносни пропусти во работата.

Подносителот на жалбата потенцира дека текстот на „Курир“ е едностран, односно втората страна била целосно изоставена, на начин, што порталот воопшто не побарал произнесување од жалителот пред да ја објави веста во која Славески е клеветен за криминал. Во исто време, жалителот забележува дека медиумот не го објавил демантот што директорот на ДБКИ го поставил на „Фејсбук“ како одговор на обвинувањата на пратеникот Ковачки.

*„Дополнително, интернет – порталот не побарал информација од Јавното обвинителство дали навистина се води кривична постапка, односно дали е покренато обвинение против жалителот, со што грубо ја нарушил презумцијата на невиност“,* се наведува во жалбата, во која меѓу другото, се забележува дека медиумот не направил јасна дистинкција помеѓу факти и мислење, вест и коментар. Во оваа насока, подносителот на жалбата додава дека порталот изнел шпекулации за низа скандали на Славески, иако против жалителот никогаш не биле покренати какви било дисциплински, прекршочни или кривични постапки за несовесно работење или злоупотреба на службени овластувања.

Жалителот, на крајот од поднесената претставка, упатува на повеќе членови од Кодексот на новинарите и од Насоките за етичко известување во онлајн медиумите, за кои смета дека се прекршени во оспорениот текст.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Курир.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот се прекршени членовите 1, 3 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 3:*** *„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

Комисијата не најде доволно елементи за да констатира повреда и на членовите 5 и 8 од Кодексот на новинарите, на кои упатува жалителот во претставката.

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „Курир.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на регистарот на професионални онлајн медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 19-ти септември 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за информација во која медиумот пренесува „Фејсбук“ статус на пратеникот и член на Извршниот Комитет на ВМРО-ДПМНЕ, Драган Ковачки, во кој тој наведува дека против директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ), Стојан Славески, било покренато обвинение за земање мито за испраќање луѓе во дипломатска мисија и за издавање безбедносни сертификати.

Без да навлегува во утврдување на вистинитоста на изнесените наводи на пратеникот, пренесени од „Курир“, став на Комисијата е дека информацијата произлегува од јавниот интерес, зашто информациите поврзани со работата и евентуалното несовесно работење на државните функционери е легитимна новинарска цел и не треба да бидат изземени од теми за кои јавноста има право да биде информирана.

Сепак, став на Комисијата е дека текстот е едностран, не нуди целосно објективна информација и не ги согледува сите аспекти на темата. Ова од причини што медиумот воопшто не се обидел да ги провери наводите во содржината и да побара потврда од Јавното Обвинителство или од засегнатите страни, во случајов, од директорот Славески, од институцијата со која ја раководи тој или од Владата, која го именувала функционерот. Тоа се коси со **член 1** од Кодексот на новинарите, во делот дека проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Комисијата, воедно, констатираше и дека статусот на пратеникот Ковачки во текстот е пренесен со полемичен коментар од „Курир“, што не е прифатливо во новинарската професија, особено кога станува збор за информации кои произлегуваат од политички субјекти.

Оттука, Комисијата најде дека во содржината е прекршен и **член 13** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена во завршниот дел од текстот:

***„Инаку, Славески е познат во јавноста по низа скандали кои го обележаа неговото директорување во ДБКИ, како на пример луксузирањето со купување службени џипови и нивно користење за приватни потреби, за вработување на лица во ДБКИ без безбедносни сертификати, издавање сертификати за еден ден на новинари блиски до власта, како и низа безбедносни пропусти во неговата работа.“***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулирање со публиката.

Онлајн медиумите, при пренесувањето тврдења на политички субјекти или други извори, ќе настојуваат секогаш кога е тоа можно да ги проверат тие тврдења, односно да не бидат само пренесувачи на “сервирани факти“ од некој друг. Со тоа, на публиката ќе ѝ овозможат да прави

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

разлика меѓу фактите и шпекулациите или дезинформациите, особено кога станува збор за важни и актуелни случувања и теми.

Во продолжение, Комисијата утврди дека порталот „Курир“ не го објавил и демантот/одговорот на жалителот Славески, поставен на својот Фејсбук профил во однос на наводите на пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ. Иако демантот не бил испратен директно до интернет – порталот, медиумот требал активно да ја следи темата, да го детектира и да не го игнорира одговорот на директорот на ДБКИ, објавен уште истиот ден. Со тоа, медиумот го повредил **член 3** од Кодексот на новинарите, кој налага новинарот да настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација.

Моралната одговорност за неточноста на информацијата паѓа на новинарот и затоа е важно тој самиот да влијае и да обезбеди демант, исправка или одговор во медиумот во кој информацијата е објавена, а чијшто автор е тој. На тој начин, новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи.

Онлајн медиумите треба да се обврзат навремено да ја исправат секоја објавена информација за која ќе се утврди дека не е точна, или да ја дополнат информацијата која е нецелосна. Ова особено се однесува на информациите што некому можат да предизвикаат материјална штета или да нарушат нечиј углед.

Со оглед дека во случајов се работи за информација преземена од „Фејсбук“ , Комисијата во оваа прилика потсетува дека медиумите се одговорни и за искажаното на социјалните мрежи, зашто со нивното објавување, таквите содржини добиваат јавност и не ги амнестираат од одговорност самите медиуми. Затоа, во отсуство на официјална потврда, новинарите треба да изразат резерва, воздржаност, па дури и сомнеж, на начин што во рамките на самиот текст ќе се оградат од наводите и јасно ќе посочат дека, како медиум, ќе се обидат во разумно време да ги потврдат или демантираат информациите преземени од социјалните мрежи.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595